# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Службен гласник бр. 7/2020**

**14.04.2020 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Правилникот за измена и дополнување на Правилник За постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот**

Се објавува **Правилник за измена и дополнување на Правилник за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 14.04.2020 година.

Бр.09-258/1
14.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22-а, став 4 од Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), член 22, став (6) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 25 став 6 од Статутот на Општина Неготино, Советот на Општина Неготино на ден 14.04. 2020 година, донесе

## Правилник за измена и дополнување на Правилник за постапката и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот

**Член 1**

Во Правилникот за постапката и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот, се вршат следните измени:

- Во делот **III.КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА**, **членот 18** се дополнува со зборовите "во период од две години последователно", веднаш после зборовите "член 17 став (4) и (5)", и сега гласи:

(1) Според член 12, став (3) од овој Правилник, во случај надлежната Комисија при Советот на општина Неготино да констатира: ненавремено доставување на извештајот за претходната година или ненаменско користење на средствата пропишано со член 17 став (4) и (5), во период од две години последователно, субјектите – корисници (спортските клубови/сојузи) го губат правото за аплицирање за добивање на финансиски средства од општината за наредните 3 години.

бр. 08-254/3
14.04.2020 година

**Совет на Општина Неготино**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за доставени финансиски извештаи за спортските клубови од општина Неготино за добиените средства од буџетот за 2019 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештајот за доставени финансиски извештаи за спортските клубови од општина Неготино за добиените средства за 2019 година** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 14.04.2020 година.

Бр.09-258/2
14.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 14.04.2020 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за доставените финансиски извештаи на спортските клубови од општина Неготино за добиените средства од буџетот 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр. 08-254/4
14.04.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за доделување на финансиска подршка врз основа на направена распределба на средства на спортски клубови/сојузи од Буџетот на општина Неготино за 2020 година**

Се објавува **Решение за доделување на финансиска подршка врз основа на направена распределба на средства на спортски клубови/сојузи од Буџетот на општина Неготино за 2020 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 14.04.2020 година.

Бр.09-258/3
14.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз ооснова на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (Сл.Гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 14.04.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување на финансиска поддршка врз основа на направената распределба на средства на спортски клубови/сојузи од Буџетот на Општина Неготино за 2020 година**

**Член 1**

На клубовите/сојузите од општина Неготино во областа на спортот во 2020 година се доделуваат следните финансиски средства:

| | Спортски клуб | Доделени средства *(во денари)* |
|---|---|---|
| 1. | ГФК "Вардар" | 750.000,оо |
| 2. | ГФК "Неготино" | 30.000,оо |
| 3. | ФК "Јанг Бојс" | 30.000,оо |
| | | |
| 4. | КК "Спорт Тим" | 50.000,оо |
| 5. | РК "Вардар - Неготино' | 490.000,оо |
| 6. | Градски шаховски клуб "Неготино" | 20.000,оо |
| 7. | Борачки клуб "Неготино" | 20.000,оо |
| 8. | Тениски клуб "Неготино' | 30.000,оо |
| 9. | Кик Бокс клуб "Гладијатор" | 30.000,оо |
| 10. | Спортски риболовнен клуб "Неготино" | 20.000,оо |
| 11. | Планинарско друштво "Серта" | 20.000,оо |
| | | /// |
| 12. | Училишен спортски клуб | 10.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| | **“Св.Кирил и Методиј”** | |
| | | |
| | **ВКУПНО** | **1.500.000,оо** |

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот објавувањето во “Службен Гласник на Општина Неготино”

бр.08-254/5
14.04.2020 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за начинот и критериумите за примање и распределба на донации поврзани со коронавирусот COVID 19**

Се објавува **Одлука за начинот и критериумите за примање и распределба на донации поврзани со коронавирусот COVID 19** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 14.04.2020 година.

Бр.09-258/4
14.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 ст. 10 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник бр. 05/2002) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 09/11, 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 14.04.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

за начинот и критериумите за примање и распределба на донации за помош на населението поврзани со коронавирусот COVID 19

**Член 1**

Со оваа одлука се регулира начинот и постапката за примање и распределба на донации на населението поврзани со коронавирусот COVID 19 .

**Член 2**

Донатори може да бидат физички и правни лица кои донираат парични и материјални средства на општина Неготино.

Општина Неготино по добивањето на донацијата прави распределба до физичките лица и здруженија на граѓани од ранливи категории согласно претходно обезбедени списоци на социјално загрозени лица од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Неготино и врз оснава на податоци добиени од Здруженија на граѓани.

**Член 3**

Се обврзува општина Неготино за донациите кои од страна на физички и правни лица се доставени до општина Неготино пред стапувањето во сила на оваа Одлука да склучи Договори за донација во кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврските .

**Член 4**

По стапувањето во сила на оваа Одлука , Договорот за донацијата за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу правните и физичките

лица и општина Неготино се склучува со доставувањето односно примањето на донацијата.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-254/6
14.04.2020 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за вклучување на општина Неготино во проектот „Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој „ со акроним „ wine - up„**

Се објавува **Одлука за вклучување на општина Неготино во проектот „Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој „ со акроним „ wine - up„** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 14.04.2020 година**.**

Бр.09-258/5
14.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79 став 1 точка 11 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 14.04.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За вклучување на Општина Неготино во проектот**

***,, Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој''*** со Акроним **,,wine-up''**

**Член 1**

Се дава согласност на Општина Неготино да биде вклучена во проектот

,,Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој''со Акроним ,,wine-up”со кој ќе се аплицира на Вториот (2) повик за проектни предлози ИНТЕРРЕГ ИПА прекугранична соработка Република Грција-Република Северна Македонија (2014-2020) објавен на 10.12.2019 со Реф.бр. 303263/МА7724

**Член 2**

Водечки корисник(ВК) на проектот,,***Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој***”' со Акроним wine-up”ќе биде општина Пела, Република Грција.Општина Неготино ќе биде Проектен Корисник 2(ПК2) за Република Северна Македонија. Проектен Корисник 3( ПК3) на проектот ќе биде Ефорат-Оддел за антиквитети на Пела ,Република Грција.

**Член 3**

Проектот ќе се аплицира во Приоритетна оска 1.Поддршка и развој на локалната економија,Специфична цел: 1.3.Подобрување на атрактивностите и промовирање

на туризмот во прекуграничната област со цел подобрување на вработувањата во туризмот.

**Член 4**

За потребите за реализација на проектот е утврдено финанасирање во соодност 85% Европска Унија и 15% национално ко-финансирање кое го покрива Министерството за Локална Самоуправа на Република Северна Македонија, а го обезбедува општина Неготино за времетраење на проектот.Соодносот за потребното претфинансирање ќе биде дополнително утврден, врз основа на што ќе бидат алоцирани и средства во Буџетот на Општина Неготино за 2020/2021 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. гласник на општина Неготино“.

бр.08-254/7
14.04.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука**
**за користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 14.04.2020 година.

Бр.09-258/6
14.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ " бр. 61/04, ... 209/18 , Службен весник на РСМ БР. 244/19 ) член 36, став 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) , Советот на Општина Неготино на ден 14.04. 2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

За користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино

**Член 1**

Со оваа одлука се дозволува користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино за 2020 година.

**Член 2**

Средствата од постојаната и тековната резерва од чл.1 од Одлуката се користат за време на вонредната состојба прогласена во РСМ поврзана со ситуацијата предизвикана од коронавирусот COVID 19.

Средствата од постојаната и тековната резерва од чл. 1 од Одлуката смеат да се користат само и во врска со ситуациите предизвикана од коронавирусот COVID 19.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Неготино.

бр.08-254/8
14.04.2020 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
Диме Витанов с.р.

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 7/2020

1. Заклучок за објавување на Правилник за измена и дополнување на Правилник за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот
2. Правилник за измена и дополнување на Правилник за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот

3. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештејот за доставени финансиски извештаи за спортските клубови од општина Неготино за добиените средства од буџетот за 2019 година

4. Заклучок за усвојување на Извештејот за доставени финансиски извештаи за спортските клубови од општина Неготино за добиените средства од буџетот за 2019 година

5. Заклучок за објавување на Решение за доделување на финансиска подршка врз основа на направената распределба на средствата на спортски клубови / сојузи од Буџетот на општина Неготино за 2020 година
6. Решение за доделување на финансиска подршка врз основа на направената распределба на средствата на спортски клубови / сојузи од Буџетот на општина Неготино за 2020 година

7.Заклучок за објавување на Одлука за начинот и критериумите за примање и распределба на донации поврзани со коронавирусот COVID 19

8. Одлука за начинот и критериумите за примање и распределба на донации поврзани со коронавирусот COVID 19

9. Заклучок за објавување на Одлука за вклучување на општина Неготино во проектот ,,Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој ,, со акроним ,, wine-up,,

10. Одлука за вклучување на општина Неготино во проектот ,,Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој ,, со акроним ,, wine-up,,

11. Заклучок за објавување на Одлука за користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино

12. Одлука за користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино